**20241803137**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), а во врска со член 5 од Законот за правно наследство на Република Македонија на членството во Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународната финансиска корпорација, Меѓународното здружение за развој и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите и за ефектуирање на членството на Република Македонија во Европската банка за обнова и развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/93), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 август 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПИТАЛОТ НА ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ СО ЗАПИШУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ АКЦИИ ОД СТРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа одлука Република Северна Македонија запишува 236 дополнителни акции во износ од 2.360.000 евра, согласно условите во Резолуцијата бр.265 „Зголемување на одобрен капитал и негово запишување“, усвоена од Одборот на гувернери на Европската банка за обнова и развој на 15 декември 2023 година.

2. Зголемувањето на капиталот во износ од 2.360.000 евра ќе се изврши со уплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, на пет еднакви годишни рати, во износ од 472.000 евра, на посебна сметка на Европската банка за обнова и развој.

3. Се овластува м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Инструментот за запишување, изјава и обврска, пред уплатата на средствата од првата годишна рата за зголемување на капиталот согласно точката 2 од оваа одлука.

4. Министерот за правда ќе издаде правно мислење, односно Потврда дека Република Северна Македонија ги има спроведено сите правни постапки за запишување на дополнителниот капитал во Европската банка за обнова и развој.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7062/3
27 август 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.